СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Во врска со Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за работењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата, ја информираме јавноста дека ревизијата се однесува на работењето на Комисијата во текот на 2024 година, односно на период кој го опфаќа работењето на претходниот состав на Комисијата.

Актуелниот состав на Комисијата, по преземањето на функцијата, затекна сериозни институционални и организациски предизвици, меѓу кои и голем број нерешени предмети, дел од нив започнати уште во 2017 година. Истовремено, Комисијата за одлучување по прекршок подолг период не функционирала со полн капацитет, што придонело за застој во постапувањето и акумулирање на заостанати предмети.

Денес Комисијата функционира со целосно екипирани стручни служби и функционална Комисија за одлучување по прекршок, што овозможува навремено и ефикасно постапување.

За постигнатиот напредок не сведочат само преземените организациски мерки, туку и јавно објавените одлуки на Комисијата, како и остварените резултати во прекршочните постапки.

Во 2024 година биле донесени 3 решенија со изречени глоби во износ од 1.968.100 денари, додека во 2025 година се донесени 31 решение со изречени глоби во вкупен износ од 56.206.321 денари. Во истиот период се наплатени 110.917.550 денари по основ на правосилни и извршни решенија. Тоа претставува зголемување на бројот на донесени решенија за околу 933%, а на изречените глоби за околу 2.756%, што јасно укажува на значително поефикасно спроведување на прекршочните постапки.

Покрај тоа, Комисијата активно постапува и по препораките содржани во ревизорскиот извештај, со цел дополнително унапредување на финансиското управување, материјалната и сметководствената евиденција, јавните набавки и внатрешните контролни механизми.

Напредокот во работата на Комисијата е препознаен и во рамките на оценувањето на исполнувањето на Реформската агенда од страна на Европската комисија, каде што е констатиран значителен напредок во спроведувањето на политиките за заштита на конкуренцијата и во зајакнувањето на институционалните капацитети.

Комисијата останува посветена на законито, транспарентно и професионално работење и на доследна заштита на конкуренцијата во интерес на граѓаните и стопанството